**Известување за концентрација со која Арамко Оверсиис Компани Б.В. Холандија и ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ, САД , ќе стекнат заедничка контрола над МидОушн Холдингс II Л.П. Обединетото Кралство**
**(предмет бр. 08-151/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Арамко Оверсиис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V) со регистрирано седиште на Шевенингсвег 64, 2517 KX, Хаг, Холандија, и ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ (EIG Management Company, LLC), со главно седиште на 600 Њу Хемпшајр Авењу NW, Суит 1200, Вашингтон, DC 20037, Соединетите Американски Држави ќе стекнат заедничка контрола над МидОушн Холдингс II Л.П. (MidOcean Holdings II L.P.), ограничено партнерство со регистирано седиште на 50 Лотиан Роуд, Фестивал Сквер, Единбург, EH3 9WJ, Обединетото Кралство, („МидОушн Холдингс II") и индиректно над МидОушн Енерџи ЛЛЦ (MidOcean Energy LLC), со главно седиште на 600 Њу Хемпшајр Авењу NW, Суит 1200, Вашингтон, DC 20037, Соединетите Американски Држави („Предложено заедничко вложување").

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Арамко Оверсиис Компани Б.В. (**Aramco Overseas Company B.V) е индиректно зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), со главно седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран, 31311, Кралство Саудиска Арабија (***Сауди Арамко). Сауди Арамко*** е акционерско друштво основано со Кралска уредба бр. М/8 на Саудиска Арабија. Сауди Арамко е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, истражувања, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но е претежно ангажирано во Северна Македонија во продажбата на полимер.

**ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ –(**заедно со своите контролирани фондови и поврзани друштва – **ЕИГ),** е водечки институционален инвеститор во глобалните енергетски и инфраструктурни сектори, тој е специјализиран за приватни инвестиции во енергетиката и инфраструктурата поврзана со енергетика на глобално ниво.

**ЕИГ Менаџмент Компани ЛЛЦ и неговите** поврзани друштва (вклучувајќи ги субјектите кои се под контрола на фондовите под контрола на ЕИГ) немаат активности на инвестирање или деловно работење во Северна Македонија.

***Предложното заедничкото вложување*** е друштво за Течен природен гас (ТПГ), основано и управувано од ЕИГ со цел развивање на разновидно, издржливо портфолио на ТПГ кое е и конкуретно во поглед на трошоците и емисиите на јаглерод. Предложеното заедничко вложување ќе има активности насочени кон пазарот, откупување и пласирање на дел од ТПГ од проектите на трети лица во кои има инвестирано, првично во Австралија, а потенцијално и на друго место во подоцнежна фаза. Во Северна Македонија, Предложеното заедничко вложување досега немало активности.

Подносителите на известувањето наведува дека како релевантниот пазар на стоки за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира како пазарот за истражување на природен гас, и нагорниот пазар за снабдување на природен гас на големо, додека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира најмалку на ниво на територијата на Република Северна Македонија, иако пазарите се по опфат на светско ниво.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.10.2023 година
Скопје